РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 183/4
09.04. 2025 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 25 седница одржана на 13.03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Инженерство на храна - Иновации, одржливост и технологии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1.Се акредитира студиската програма „Инженерство на храна - Иновации, одржливост и технологии", втор циклус на академснки студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив Магистер на технички науки по инженерство на храна – иновации, одржливост и технологии /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science Food Engineering – Innovations, Sustainability and Technologies.

Научно - истражувачко подрачје: 2- Инженерство и технологии; Научно – истражувачко поле: 2.02. Електротехника, електроника и информациско, Инженерств 2.03. Машинство, 2.04. Хемиско инженерство, 2.05. Инженерство на материјали, 2.07. Инженерство на животна средина, 2.08. Биотехнологија на животна средина, 2.09. Индустриска биотехнологија, 2.10. Нанотехнологија, 2.11. Друго (останато) инженерство и технологии; потполе 2.07.01. Инженерство на заштита на животна средина потполе 2.11.02. Индустриско инженерство и менаџмент; потполе 2.11.05. Прехранбено инженерство и технологии; потполе, 2.11.06. Текстилно инженерство; потполе 2.11.07.Металургија; потполе 2.11.08. Неорганска хемиска, технологија; потполе 2.11.09. Органска хемиска, технологија; потполе 2.11.10. Контрола на квалитет, Научно – истражувачка област: 2.02.00.13 Енергија, екологија и одржлив развој, 2.02.00.16 Контрола на квалитет, 2.02.00.17 Метрологија, 2.02.00.19 Обновливи извори на енергија. 2.03.00.02 Менаџмент и контрола на квалитет, Сите области од 2.04, Сите области од 2.05, Сите области од 2.07, Сите области од 2.08, Сите области од 2.09, Сите области од 2.10, 2.11.02.02 Индустриски менаџмент, Сите области од 2.11.05, Сите области од 2.11.06, Сите области од 2.11.07, Сите области од 2.11.08, Сите области од 2.11.09, Сите области од 2.11.10

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-143/10 од 29.01.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Инженерство на храна - Иновации, одржливост и технологии", втор циклус на академснки студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - металуршки факултет Скопје при Универзитет Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-184/1 од 31.01.2025 година (наш бр. 08 - 183/1 од 31.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 183/3 од 17.03.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 25-та седница одржана на 13.03.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски